КУЛТ-УРА

# „Жешки" лета и вечери

Златко ТЕОДОСИЕВСКИ

**Зошто цела Македонија треба да плаќа за оваа манифестација, а Охрид да се прави „мутав"; колку програми од тоа Охридско лето, платени од сите граѓани, биле прикажани и во Гевгелија, Струмица, Гостивар, Берово...; колку наши уметници преку Охридско лето, како размена, гостувале на фестивали во странство... итн., итн.?**

Настапува вообичаеното жешко македонско лето, а со него и култот што најдолго ни трае во култ-урата: нашите т.н. културни манифестации. А меѓу нив, нормално, најстарите, најзначајните, најголемите, најрепрезентативните... и, секако "најжешките" - Охридско лето и Струшки вечери на поезијата.

Се чини дека оваа година овие две манифестации дополнително си ја зголемуваат температурата со актуелните препукувања за покровителството, но тоа е тема за сосема друг муабет. Во случајов "жештината" на овие манифестации се однесува на нивниот финансиски аспект, односно на аспектот што ретко кога го спомнуваме: дека тоа се двете најскапи манифестации во македонската култура!

По триесет-и-којзнае-кој-пат по ред лани се исфаливме со успешната и богата програма на најжешкото ни Лето, со настапите на овој или оној, со малобројните откажувања итн. И на тоа, се разбира, никој добронамерен нема да му бара забелешки зашто Летото навистина, во една или во друга насока, си ја врши функцијата. Односно - како за кого! За Охрид секако, за охриѓани не се зне, и за по некој годишноодморец. Но, велат, таа е републичка манифестација, што ќе рече државна, односно од национално значење! Значи, многу битна за Македонија!!!

И тоа е точно, но значи ли тоа дека само државата, односно таа Македонија, е должна да ја плаќа оваа манифестација? Нели е таа важна и за Охрид и за охриѓани?

Буџетот на Охридско лето, на ура, растеше од година во година, за во минатата 1998 да ја достигне цифрата од 400.000 германски марки - од буџетот на Министерството за култура, значи од државата = сите нејзини граѓани! Градот Охрид по правило, секоја година, ветува финансиска помош (!?), којашто никој никогаш не ја видел.

А за споредба, сите медиуми во минатото лето врвеа од податоци за посетеноста на Охрид од туристи. Даваа дури и бројки, приближни, минимални, според кои: само во јули, од ноќевања, во Охрид биле остварени (каков еуфемизам за заработка!) 19 милиони германски марки; во јули имало просечно 35.000 туристи и ако секој, дневно, потрошил само по 10 германски марки, тоа се 350.000 германски марки дневно! Или, градот за ден и половина заработува(л) толку колку што ѝ е потребно на целата манифестацијата, а за неа дава - ништо!?

Жешко лето, жешки бројки, жешки дилеми: зошто цела Македонија треба да плаќа за оваа манифестација, а Охрид да се прави "мутав"; колку програми од тоа Охридско лето, платени од сите граѓани, биле прикажани и во Гевгелија, Струмица, Гостивар, Берово...; колку наши уметници преку Охридско лето, како размена, гостувале на фестивали во странство... итн., итн.?

Колку за споредба, не постои манифестација во светот (барем во цивилизираниот), на којашто државата ѝ ги плаќа 100% потребните средства, а градот каде што таа се одржува - туристички град, бисер на државата... - само да помага! Кому му помага? На државата? Не му треба ли на Охрид Охридско лето?

И култ-от кон Струшките вечери сè уште не држи доволно години. Неоспорен е и фактот дека во многу далечни, па и поблиски земји, многумина не знаат (и) по Струга. Нема дилеми дека оваа манифестација направи многу и за поезијата, односно литературата во целина кај нас. Можеме, дури, ако веќе сме решиле, да ги прогласиме Струшките вечери и за културно чудо. Но има чудо и во нешто друго.

На пример, неоспорно е и тоа дека за неа, минатата година, сите ние плативме само околу 130.000 германски марки! За манифестација што трае само 3 (и со букви: три) дена!? А градот Струга, градот на поезијата - колку? Ама, велат, тоа е сиромашен град, нема пари. А сака да има светска манифестација! (?). Па белки и Струга заработува нешто од туризмот?

Во споредба со Струшките вечери (3 вечери т.е. дена = 130.000 ГМ) Охридско лето испаѓа џабе (40 дена = 400.000 ГМ). Од каде овие диспропорции, какви се тие сметки што ги прават овие наши врвни манифестации? Или, пак на ура: кога плаќа друг - сè е евтино!

Се разбира, култ-овите мора да се платат, а тоа најлесно се прави со парите на граѓаните. На ура, за култ-ура! Тоа што тие граѓани ниту ја виделе ниту ја помирисале Струга, нема врска. Тоа што тие многубројни поети што доаѓаат на сметка на граѓаните ниту ги виделе Делчево, Кратово, Велес... ниту пак прочитале таму барем еден стих, ниту тоа нема врска! Ако ништо повеќе, барем да засадеа по некое дрвце и во другите градови, за граѓаните, подоцна, во ладовина да им ги плаќаат сметките за нивното доаѓање. Вака, пак, стружани и привилегирани "струшки" скопјани ќе уживаат во ладовината на поетските дрва, пардон - зборови!

Годинава, наведените и потрошени износи за минатогодишните манифестации можеби ќе бидат за некој процент помали поради општите финансиски состојби во земјава. Но, горчливиот вкус сепак - останува! А колку за споредба, оваа година целата ликовна дејност во Македонија ќе добие околу 10 милиони денари = 330.000 германски марки! Што ќе рече дека вкупната целогодишна активност на МСУ, на сите уметнички галерии, сите ликовни колонии... вреди помалку од едно "жешко" Лето, односно една поетска манифестација од 3 работни дена вреди колку 1/3 од 365 работни дена во целата ликовна дејност во државава! (!?)

**(Авторот е историчар на уметноста)**

РАСПАКА